# Правилник за издавање лиценци на тренери

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот и критериумите кои треба да се исполнат со цел здобивање со тренерска лиценца за вршење должноста тренер во системот натпреварувања организиран од страна на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија (во понатамошниот текст: КФСМ).

### Член 2

Лиценците ги издава Здружението на кошаркарски тренери на Северна Македонија (во понатамошниот текст: ЗКТСМ) врз основа на претходно утврдени критериуми.

## II. ВИДОВИ НА ЛИЦЕНЦИ, ОСНОВНИ И ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ

### Член 3

ЗКТСМ издава три видови лиценци и тоа:

а) **лиценца А** – со која тренерот се стекнува со право за вршење на должноста тренер во сите категории на натпреварување во организација на КФСМ.

б) **лиценца Б** – со која тренерот се стекнува со право за вршење на должноста тренер во следниве натпреварувачки нивоа: Младински лиги, почнувајќи со најмалите генерации вклучени во системот на КФСМ, па се до лигата М20.

В) **лиценца Ц** - со која тренерот се стекнува со право за вршење на должноста тренер во системот на натпреварување организиран од КФСМ, почнувајќи со најмладите категории вклучени во системот натпреварување на КФСМ, па се до лигата М13.

### Член 4

Основни критериуми за издавање на лиценци за тренери се:

а) Да е државјанин на Р.С Македонија
б) Да е член на ЗКТСМ со пристапница и платена годишна членарина, заклучно до месец септември за тековната година
в) Задолжително присуство на годишниот семинар за тренери организиран од ЗКТСМ и уште еден семинар во странство во организација на националната асоцијација на тренери на соодветната држава (за тренери кои кандидираат за лиценца А), односно на годишниот семинар и уште два семинари организирани од ЗКТСМ во текот на сезоната – вкупно три семинари (за тренери кои кандидираат за лиценца Б и Ц). Оваа точка стапува на сила од натпреварувачката сезона 2020/2021.
г) Да одржи најмалку еден семинар во тековната година со подршка на ЗКТСМ (се однесува исклучиво за тренерите кои поседуваат лиценца А и кои работат во екипите кои се натпреваруваат во Прва лига-Мажи и Прва лига-Жени), и тоа почнувајќи од сезоната 2019/2020.

**Член 5**

Покрај наведените основни критериуми за издавање лиценци , тренерот кој кандидира за лиценца А треба да исполнува барем два од следниве посебни критериуми.

а) да има високо образование (VII степен) во областа на спортот или да ја има завршено Едукацијата за кошаркарски тренери во организација на ЗКТСМ и КФСМ.
б) да бил прв тренер во минимум 3 (три) сезони во последните 5 (пет) години во следниве натпреварувања: Прва лига-Мажи, Прва лига-Жени и Втора лига-Мажи
в) да има освоено титула или Куп на РМ како главен тренер во Прва лига-Мажи и Прва лига-Жени или најмалку три титули државен првак во Младинските лиги
г) да бил репрезентативец на Р. Македонија со најмалку 20 настапи на официјални средби во организација на ФИБА.
д) да има дополнителна едукација како тренер, стекната во рамките на воспоставениот систем на тренерска едукација на ФИБА.

**Член 6**

Покрај наведените основни критериуми за издавање лиценци, тренерот кој кандидира за лиценца Б треба да исполнува и следните посебни критериуми.

а) да има високо образование (VII степен) во областа на спортот или да ја има завршено, односно да има започнато да ја следи Едукацијата за кошаркарски тренери во организација на ЗКТСМ и КФСМ, но најдоцна во рок од две години од денот на започнувањето на Едукацијата.
б) да бил прв тренер или помошен тренер во системот натпреварување младински лиги (М8 до М20) минимум 3 (три) сезони во последните 5 (пет) години

**Член 7**

Покрај наведените основни критериуми за издавање лиценци, тренерот кој кандидира за лиценца Ц треба да ги исполнува и следниве посебни критериуми.

а) да има високо образование (VII степен) во областа на спортот или да ја има завршено, односно да има започнато да ја следи Едукацијата за кошаркарски тренери во организација на ЗКТСМ и КФСМ.

б) дополнителни критериуми (писмено тестирање, показен тренинг и сл.) кои Управниот Одбор на ЗКТСМ ќе ги утврди најдоцна до месец септември за предстојната натпреварувачка сезона. Овој вид на проверка на знаењата ќе се вршат во последната сабота на месец септември, односно во последната сабота на месец јануари, за оние кои не ги положиле проверките во месец септември.

## III. ТРЕНЕРИ – СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

**Член 8**

Тренер кој не е државјанин на Р.С Македонија може да добие лиценца за работа само како главен тренер во Прва лига-Мажи и Прва лига-Жени доколку исполнува барем еден од следниве критериуми.

а) да има освоено титула како главен тренер во било која европска држава или да има водено плеј-оф средби во последните 5 години во следните лиги: АБА лига, Франција , Шпанија, Грција, Турција, Италија Полска, Германија или ВТБ лига.

б) да бил главен тренер на Европско првенство, Светско првенство или Олимписки игри

в) да има водено екипа како главен тренер на минимум 10 натпревари во Евролига, Еврокуп (УЛЕБ), Шампионска лига или ФИБА Европа Куп, во последните 5 години

г) да работел како главен или помошен тренер во НБА лига или како главен тренер во развојната Г-лига

е) да работел како главен тренер на колеџ кој се натпреварува во првата дивизија на НЦАА, и со истиот да има обезбедено пласман во завршницата на НЦАА лигата, таканареченото Мартовско лудило.

**Член 9**

Странски тренер кој исполнува еден од критериумите во член 9, ќе треба да изврши задолжителна уплата од 2000 (две илјади) ЕУР во денарска противредност на сметката на ЗКТСМ.

**Член 10**

Странски државјани-тренери имаат право да водат натпревари како први тренери исклучиво во натпреварувањата Прва лига-Мажи и Прва лига-Жени.

Странски државјани-тренери немаат право да кандидираат за лиценца како помошни тренери, кондициони тренери или во било кој друг облик за натпреварите од Прва лига-Мажи, Прва лига-Жени и Втора лига-Мажи.

Странски државјани-тренери немаат право да кандидираат за тренерска лиценца во системот натпреварување Младински лиги.

## IV. ПОМОШНИ ТРЕНЕРИ

**Член 11**

Помошните тренери, државјани на С.Македонија, кои ќе кандидираат за тренерска лиценца ќе мораат да ги исполнуваат истите критериуми како и првите тренери (лиценца А за помошник на прв тренер со лиценца А, лиценца Б за помошник на прв тренер со лиценца Б и лиценца Ц за помошник на прв тренер со лиценца Ц)

## V. ЦЕНИ НА ТРЕНЕРСКИ ЛИЦЕНЦИ

**Член 12**

Со решение на Управниот Одбор на ЗКТСМ, цените на тренерските лиценци ќе изнесуваат:

а) 6000 денари за лиценца на прв тренер во Прва лига-Мажи

б) 4000 денари за лиценца на прв тренер во Прва лига-Жени и Втора лига-Мажи, како и за помошен тренер во Прва лига-Мажи

в) 3000 денари за прв тренер во системот натпреварување на младински лиги, како и за помошен тренер во Прва лига-Жени и Втора лига-Мажи.

Овие цени стапуваат на сила од натпреварувачката сезона 2019/2020 и важат се до следното решение на Управниот Одбор на ЗКТСМ.

## VI. ОДЗЕМАЊЕ НА ТРЕНЕРСКА ЛИЦЕНЦА

**Член 13**

Во случај на прекршување на основните етички принципи и дисциплински правилници на КФСМ при извршување на дејноста тренер, ЗКТСМ може, со одлука на посебна Комисија (назначена

од страна на претседателот на ЗКТСМ), а по поднесена пријава од страна на член на ЗКТСМ или по допрен глас, да ја суспендира тренерската лиценца на одреден временски период, најмалку за еден месец, а најмногу до крај на тековната натпреварувачка сезона.

При вакви случаи, претседателот на ЗКТСМ е должен во рок од 7 дена по добиената пријава или допрен глас, да собере писмени изјави од засегнатите страни и по истекот на овој рок, да состави трочлена комисија (составена исклучиво од членови на ЗКТСМ), која ќе го разгледа случајот и со просто мнозинство ќе донесе одлука за евентуално одземање на тренерската лиценца.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој Правилник се донесува со мнозинство гласови од членовите на Управниот одбор на ЗКТСМ.

Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат со мнозинство гласови од членовите на Управниот одбор на ЗКТСМ.

**Член 15**

Толкувањето на овој Правилник го дава Управниот одбор на ЗКТСМ.

**Член 16**

Овој Правилник стапува на сила со денот на негово донесување од страна на Управниот одбор на ЗКТСМ и започнува да се применува од натпреварувачката сезона 2019/2020.

Во Скопје, на ден 17.07.2019

Претседател на ЗКТСМ

Драган Василов

------------------------------------